Јавна здравствена установа
**Институт** за трансфузиона медицина
на Република Македонија
Бр. 05/17
21.02 201 8 год.
СКОПЈЕ

# ЈЗУ ИНСТИТУТ ЗА ТРАНСФУЗИОНА МЕДИЦИНА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА-СКОПЈЕ

**Мајка Тереза 17 Скопје тел.3226 923 факс 3119 -227**

www.itm.org.mk

# И З В Е Ш Т А Ј

## ЗА ФИНАНСИСКОТО РАБОТЕЊЕ НА ЈЗУ ИНСТИТУТ ЗА ТРАНСФУЗИОНА МЕДИЦИНА НА РМ – Скопје ЗА 2017 ГОДИНА

Февруари, 2018

**И З В Е Ш Т А Ј**
**ОД ФИНАНСИСКОТО РАБОТЕЊЕ НА**
**ЈЗУ Институт за Трансфузиона медицина на РМ- Скопје**
**за периодот од 01.01.2017 до 31.12.2017 година**

## 1. Основни податоци за раководството и овластеното лице од установата:

| Менаџмент | Име и презиме | Статус | Назначен од |
|---|---|---|---|
| Директор лекар | Д-р сци. мед. Емилија Велкова | В.Д.директор | 17.04.2013 до 03.08.2017год |
| Директор лекар | Проф.Д-р Кочо Димитровски | В.Д.директор | од 04.08.2017 година |
| Директор економист | М-р Авни Исмаиљи | В.Д.директор | од 17.04.2013 година |

ЈЗУ Институтот за трансфузиона медицина на РМ е институција со основна дејност собирање, преработка и дистрибуција на крв и компоненти со седиште ул.Мајка Тереза бр.17 Скопје. Институтот е институција која ја врши својата дејност на целата територија организирана со Регионални центри подружници на целата територија на РМ во која се вработени 319 вработени во редовен работен однос и 27 времено вработени работници по основ на договор за дело.

Структура на вработени:

| Работно место | Број на работници на неопределено време | Број на времено вработени работници |
|---|---|---|
| Доктор по медицина | 70 | 2 |
| Медицински лаборант | 129 | 10 |
| Медицински сестри | 35 | 1 |
| Фармацевтски техничар | 2 | 0 |
| Биолози | 13 | 0 |
| Менаџер за квалитет | 1 | 0 |
| Психолози | 2 | 1 |
| Администратори | 29 | 9 |
| Возачи | 7 | 2 |
| Технички персонал | 31 | 2 |
| | | |
| **ВКУПНО** | **319** | **27** |

Во следната табела е прикажана структурата на вработени (вклучително и вработените кои се на боледување):

| Вработени | 31.12.2013 | 31.12.2014 | 31.12.2015 | 31.12.2016 | 31.12.2017 |
|---|---|---|---|---|---|
| Медицински кадар | 231 | 237 | 245 | 259 | 252 |
| Немедицински кадар | 51 | 45 | 71 | 67 | 67 |
| Вкупно | 282 | 282 | 316 | 326 | 319 |

**Констатација:**

- Од горенаведената табела може да се констатира дека вкупниот број на вработени во 2017 година е намален за 7 вработени и тоа поради заминување во пензија.

Организациска поставеност на ЈЗУ Институтот за трансфузиона медицина на РМ



## 2.ПРИХОДИ И РАСХОДИ

Водењето на сметководството, деловните книги, сметководствените документи и обработката на податоците, признавањето на приходите и раходите, проценувањето на билансните позиции, револаризацијата, финансиските извештаи и други прашања во врска со сметководството во ЈЗУ Институтот за трансфузиона медицина на РМ се водени согласно Законот за сметководство за буџетите и буџетските корисници односно врз основа на прописи кои важат (трезорски систем на работење) каде приходите и расходите се прикажуваат врз основа на наплатена реализација и согласно процедурите и сметководстевните политики кои ги има усвоено Институтот.

Сметките на Институтот се во Трезорот на ФЗОМ с-ка 100000000066005 и тоа:

| | |
|---|---|
| Буџетска сметка | 660250005273713 |
| Сметка сопствени средства | 660250005253149 |
| Сметка донации | 660250005248590 |

| | 2016 година | 2017 година | 2016/2017 % |
|---|---|---|---|
| **ВКУПНИ ПРИХОДИ** | **600.736.305** | **761.300.663** | **126,72%** |
| • БУЏЕТСКА СМЕТКА | 393.000.000 | 431.000.000 | 109,67% |
| • СОПСТВЕНИ ПРИХОДИ | 207.006.558 | 331.300.663 | 160,04% |
| • ДОНАЦИСКА СМЕТКА | 729.747 | 729.747 | 100,00% |

| | 2016 година | 2017 година | % |
|---|---|---|---|
| **ВКУПНИ РАСХОДИ** | **599.444.379** | **759.315.183** | **126,66%** |
| • БУЏЕТСКА СМЕТКА | 393.000.000 | 431.000.000 | 126,72% |
| • СОПСТВЕНИ ПРИХОДИ | 206.444.379 | 328.315.183 | 159,03% |
| • ДОНАЦИСКА СМЕТКА | 0 | 0 | 0,00% |

| | 2016 година | 2017 година | % |
|---|---|---|---|
| **ДОБИВКА – ПРЕНОС ЗА НАРЕДНА ГОДИНА** | **1.291.926** | **3.715.227** | **287,57%** |
| • БУЏЕТСКА СМЕТКА | 0 | 0 | 0,00% |
| • СОПСТВЕНИ ПРИХОДИ | 562.179 | 2.985.480 | 531,06% |
| • ДОНАЦИСКА СМЕТКА | 729.747 | 729.747 | 100,00% |

| | 2016 година | 2017 година |
|---|---|---|
| **ПРЕСМЕТАН ДАНОК ПО ДБ** | **415.202** | **339.545** |
| **ПЛАТЕН ДАНОК ПРЕКУ АКОНТАЦИИ** | **837.914** | **422.712** |
| **ДАНОК ЗА ВРАЌАЊЕ** | **-422.712** | **-83.167** |

## АНАЛИЗА НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ

### 2.1 Приходи во 2014, 2015, 2016 и 2017 година

А. ФЗОМ

| Приходи од ФЗОМ | 2014 година | 2015 година | 2016 година | 2017 година |
|---|---|---|---|---|
| Фактурирано | 395.050.571 | 397.062.028 | 461.144.296 | 495.748.294 |
| Наплатено | 345.000.000 | 358.000.000 | 393.000.000 | 431.000.000 |
| Повеќе фактурирано | **50.050.571** | **39.062.028** | **68.144.296** | **64.748.294** |
| Вкупно повеќе фактурирано 2014-2017 год. | | | | **222.005.189** |

Наплатено од ФЗОМ 431.000.000
Фактурирано на ФЗОМ 495.748.294
Повеќе фактурирано 64.748.294 (за отпис)

**По програми или други видови на приходи од Министерство за здравство**

| Приходи од буџет | Салдо + 2014 година | 2015 година | 2016 година | 2017 година |
|---|---|---|---|---|
| Фактурирано | 4.607.200 | 4.653.000 | 0 | 6.240.000 |
| Реализирано | 237.000 | 0 | 237.000 | 0 |

**Побарувањата од МЗ на 31.12.2017 година изнесува вкупно 15.026.200 денари. Фактурирањето кон МЗ се однесува главно по програми на лицата за хемофилија.**

**В. Сопствен приход**

**Остварените сопствени приходи се остварени од следниве приходи:**

| Конто број | Приходи од | За 2014 година - износ ден. | За 2015 година – износ ден. | За 2016 година – износ ден. | За 2017 година – износ ден. |
|---|---|---|---|---|---|
| 723019 | Приходи од обука и образование | / | 73.610 | 484.430 | 563.776 |
| 723220 | Приходи од крв и крвни деривати | 96.634.304 | 70.591.993 | 90.177.463 | 188.715.158 |
| 723819 | Приходи од здравствени услуги | 69.657.697 | 71.260.754 | 88.014.607 | 112.602.385 |
| 723922 | Приходи од наплатени штети | 0 | 0 | 0 | 37.504 |
| 725932 | Приходи од погрешно платени обврс и вратени аванси. | 61.806 | 479.892 | 50.000 | 33.169 |
| 725939 | Приходи од приватни пациенти | 9.222.502 | 11.358.382 | 9.398.581 | 9.653.166 |
| 7259391 | Останати приходи | 221.493 | / | 317.159 | 0 |
| 7259395 | Приходи од враб. (паркинг, казни и др.) | 459.030 | 138.225 | 220.602 | 138.799 |
| 725946 | Приходи од партиципација | 19.853.563 | 20.744.025 | 17.862.640 | 18.993.727 |
| 7411121 | Пренос на добивка од минати години | 1.012.791 | 6.935.004 | 481.076 | 562.179 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Вкупно сопствени приходи:** | **197.123.186** | **181.581.885** | **207.006.558** | **331.300.663** |
| 7411131 Приходи од ФЗОМ | 345.000.000 | 358.000.000 | 393.000.000 | 431.000.000 |
| **7 ВКУПНИ ПРИХОДИ** | **542.123.186** | **539.581.885** | **600.006.558** | **762.300.663** |

***Приходи-Буџетски средства***

Во 2017 година Институтот има повеќе фактурирано до ФЗОМ во износ од 64.748.294 што изнесува за 15,22 % повеќе во однос на конечно доделениот буџет за 2017 година 431.000.000 или 23,62% во однос на првично планираниот и доделен буџет за 2017 година кој изнесуваше 401.000.000 денари

Структурата на услугите што ги извршува Институтот кон ФЗОМ изгледаат како што следи:

- 13,92% или 69.028.330 денари -на пакети од прегледи во амбуланта,
- 37,11% или 183.990.252 денари – специјалистика лабораторија
- 48.97% или 242.729.712 денари-лекови за лицата со хемофилија

  100% или 495.748.294 денари ВКУПНО

За да ги задоволи потребите од лековите за болните од хемофилија Институтот набавуваше лекови за што се створени и обврски за плаќање кон добавувачите. Буџетот што ФЗОМ го доделува е недоволен да се покријат настанатите обврски по овој основ што може да се види и од подолу прикажаните табели. Овој износ заедно со повеќе фактурираното од минати години изнесува **222.005.189** денари во период од изминатите 4 години што одговара на обврските што ги има Институтот спрема добавувачите за лекови и кои на 31.12.2017 изнесуваат вкупно 259.522.609 денари.

Треба да се констатира дека доделениот буџет е недоволн да се задоволат сите потреби на пациентите. Посебен осврт треба да се даде на тоа дека буџетот е премал за обезбедување на лекови фактори на коагулација. Имено ако вкупниот доделен буџет е 431.000.000 денари од кои буџетот за платите на вработените во ИТМ изнесуваат вкупно 200.185.692 денари тогаш за лекови фактори на коагулација остануваат само 230.814.308 што е недоволно.

***Приходи-Сопствени средства***

Институтот за трансфузиона медицина на РМ пред се е основан со главна дејност обезбедување на крв и крвни компонети на граѓаните на РМ. Со својата дејност е единствена таква институција во РМ. Своите сопствени приходи ги остварува токму од оваа дејнотст собирање, преработка и дистрибуција на крв и крвни компоненти на сите здравствени ЈЗУ и ПЗУ кои имаат потреба од нашите услуги при лекување на болните. Во 2017 година како што може да се забележи и од горната табела, Институтот оваа година бележи посебни резултати при остварување на плановите како и на таканаречените сопствени приходи. Имено во однос на 2016 година приходите се зголемени за 60,04% во однос на 2016 година или повеќе во вредност од 124.294.105 денари. Ова пред се се должеше на преземените чекори од страна на службите окулу утужување и наплата на побарувањата како и помошта од страна на ФЗО кој со свој дописи им се обрати до сите ЈЗУ. Овие средства доплолнително помогнаа да се намалат обврските на Институтот кон добавувачите за набавка на материјали за обезбедување на крв и крвни компоненти така и кон обврските за лекови-фактори на коагулација за кои Институтот од сопсвени средства исплати во вредност од 26.743.401 денар.

***Приходи-Донации***

Во 2017 година сметката за донации немаше остварено никаков промет па единствен приход на оваа сметка согласно Законот за сметководство за буџетите и буџетските корисници предстaвуваше пренесените на средства од минатата година во износ од 729.747 денари.

## 2.2 Расходи во 2015, 2016 и 2017 година

*Споредбена табела на остварени расходи :*

| К-то | Опис | Потрошено во 2015 година | Потрошено во 2016 година | Потрошено во 2017 година |
|---|---|---|---|---|
| *1* | *2* | *4* | *6* | |
| **40** | плати, наемнини и надоместоци | **183.144.690** | **196.764.928** | **200.185.692** |
| **420** | патни и дневни расходи | **1.526.051** | **2.360.261** | **2.152.360** |
| **421** | комунални услуги (греење, комун. транс.) | **9.423.207** | **11.305.553** | **12.044.970** |
| **423** | ситен инв., храна, лекови, мед. м-ли; канц.м-ли, | **297.716.069** | **341.691.263** | **483.137.462** |
| 4235 | лекови и медицински материјали | 289.513.683 | 328.165.243 | 467.720.983 |
| 423* | ситен инвентар, храна, канц, хигиена,и др | **8.202.386** | **13.526.020** | 15.416.479 |
| **424** | поправка и тековно одржување | **3.265.521** | **4.279.455** | **7.198.398** |
| **425** | договорни услуги | **31.964.407** | **22.922.257** | **42.176.805** |
| **426** | други тековни расходи | **4.592.225** | **3.744.217** | **1.603.101** |
| **465** | Исплати по извршни исправи | **785.135** | **0** | **2.805.928** |
| **480** | Купување на опрема и машини | **2.351.514** | **16.344.731** | **6.594.977** |
| **481** | Градежни објекти | **3.932.849** | **20.000** | **1.424.009** |
| **483** | Купување на мебел | **399.081** | **11.340** | **0** |
| **486** | Купување на возила | / | 0 | 0 |
| **Вкупно** | | **539.100.749** | **599.444.379** | **759.315.183** |

Во текот на 2017 година има зголемување на расходите од работењето што се должи и на зголемувањето на приходите и плаќањето на акумулираните обврски од минатите години. Посебно зголемување на раходите има на конто 4235 кај лековите и медицинските материјали каде во однос на 2016 година има зголемување за 42,52% или за 139.555.740 денари што се должи на акумулираните обврски од минати години. Пораст во однос на 2016 година има на Поправки и тековно одржување што се должи на застареност како на објектите така и на застарената опрема и возила. Зголемување има и на конто 425 Договорни услуги што се должи на извршени компензации со ЈЗУ низ РМ каде има склучени договори за услуги (режиски трошоци, поправки и сл.) Треба да се напомене дека сите подружници на Институтот се наоѓаат во објектите на ЈЗУ и како дел од нив учествуваат во нивните одржувања и тековни трошоци а ние вршиме дистрибуција на крв и крвни компонети и услуги па отаму доаѓаат и меѓусебните побарувања/обврски..

***Структура на конто 425: Договорни услуги***

| Конто бр. | Опис | Износ на 31.12.2014 год. | Износ на 31.12.2015 год. | Износ на 31.12.2016 год. | Износ на 31.12.2017 год. |
|---|---|---|---|---|---|
| 425130 | Изнајмување на друг тип простор | 0 | 0 | 0 | 220.936 |
| 425220 | Банкарска провизија | 296.551 | 297.991 | 267.064 | 296.013 |
| 425230 | Осигурување на вработени | 3.692 | 51.038 | 71.452 | 10.915 |
| 425250 | Осигурување на недвижности и права | 386.873 | 448.864 | 334.732 | 410.246 |
| 425260 | Осигурување на моторни возила | 95.880 | 132.828 | 216.800 | 147.104 |
| 425310 | Правни-адвокатски услуги | 27.378 | 159.316 | 598.884 | 618.691 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 425320 | Судски вештачења | 35.400 | 17.700 | 56.720 | 113.007 |
| 425360 | Плаќања на судски такси | 20.420 | 197.023 | 386.868 | 616.427 |
| 425490 | Здрав. Услуги на осигуреници | 103.192 | 45.956 | 549.282 | 436.390 |
| 425790 | Други образовни услуги | 480.000 | 714.393 | 875.803 | 1.448.127 |
| 425910 | Преведување | 21.965 | 95.781 | 94.087 | 67.223 |
| 425920 | Услуги за копирање и печатење | 98.635 | 35.132 | 31.724 | 14.954 |
| 425970 | Консултантски услуги | 322.962 | / | 590.452 | 628.700 |
| 425990 | Др. Неспо.дог.услуги-компезации со ЈЗУ | 19.403.994 | 18.027.702 | 13.105.843 | 32.576.840 |
| 4259901 | Др.договорни услуги | / | 218.695 | 0 | 0 |
| 4259902 | Управен одбор-надворешни членови | / | 73.500 | 330.000 | 302.100 |
| 42599022 | Пероналeн данок – чл.на У.О. | / | 7.743 | 36.663 | 33.330 |
| 4259903 | Волонтери-ДОГОВОР ЗА ДЕЛО | 9.459.618 | 10.206.020 | 4.838.461 | 3.811.263 |
| 42399033 | Персонален данок | / | 1.232.891 | 537.522 | 424.539 |
| 42599044 | Др.придонеси на вработени ПИОМ | / | 1.305 | 0 | 0 |
| 42599055 | Др.придонеси здравсто-вработени | / | 529 | 0 | 0 |
| 4259908 | Др.дог.услуги –прид.ПИОМ – волонтери | 397.142 | / | 0 | 0 |
| | **Вкупно за конто 425** | **31.153.722** | **31.964.407** | **22.922.257** | **42.176.805** |

Зголемените расходи на Договорните услуги во однос на минатите години се должи на зголемениот износ на компензации со ЈЗУ.

### ***Структура на конто 426: Други тековни расходи***

| **Конто бр.** | **Опис** | **Износ на 31.12.2014 год.** | **Износ на 31.12.2015 год.** | **Износ на 31.12.2016 год.** | **Износ на 31.12.2017 год.** |
|---|---|---|---|---|---|
| 426120 | Членарина домашни организации | 112.410 | 96.855 | 89.000 | 98.640 |
| 426210 | Расходи за репрезентација | 664.224 | 927.126 | 1.564.517 | 875.047 |
| 426310 | Семинари | 65.015 | 246.720 | 127.953 | 148.104 |
| 426410 | Објавување на огласи | 262.120 | 1.029.020 | 421.513 | 324.379 |
| 426990 | Др,оперативни трошоци – повраќај на пари | 609.789 | 816.675 | 1.348.004 | 121.065 |
| 4269901 | Пер.данок – тендери | 5.278 | 3.834 | 0 | 0 |
| 4269902 | Пер.данок – У.О. | 12.129 | 467 | 0 | 0 |
| 4269903 | Пер.данок – Волонтери | 636.215 | / | 0 | 0 |
| 4269904 | Аконтација данок на добивка | 427.573 | 1.332.661 | 153.048 | 0 |
| 4269905 | Пер.данок – работа на терен | 139.401 | 46.755 | 0 | 0 |
| 4269906 | Пер.данок – комисија за испит | 4.141 | / | 0 | 0 |
| 4269907 | Пер.данок – помош на вработени | 44.937 | 37.964 | 0 | 0 |
| 4269908 | Пер.данок – Сопствено возило | 22.268 | 27.962 | 40.182 | 35.619 |
| 4269909 | Пер.данок –дополнителна дејност | 46.928 | 26.703 | 0 | 0 |
| | **Вкупно за конто 426** | **3.042.428** | **4.591.742** | **3.744.217** | **1.602.854** |

Во **2017 година** на конто 426 - Други тековни расходи кои изнесуваат вкупно 1.602.854 денари, најголеми расходи се однесуваат на трошоци за Расходи за репрезентација и тоа 875.047 денари каде има и значително намалување во однос на 2016 година, износ од 692.470 денари или 55,93% Генерално овие трошоци бележат пад за 2.141.363 денари во однос на 2016 година кога изнесуваа 3.744.217 денари.

## 3. ПОБАРУВАЊА И ОБВРСКИ

### 3.1 Анализа на побарувања на ЈЗУ

| ПОБАРУВАЊА | | состојба на 31.12.2014 | Состојба на 31.12.2015 | Состојба на 31.12.2016 | Состојба на 31.12.2017 |
|---|---|---|---|---|---|
| Конто 1200 | Побарувања од Министерство за здравство | 4.370.200 | 9.023.200 | 8.786.200 | 15.026.200 |
| Конто 1220 | Побарувања од ЈЗУ Општи Болници, Здравствени домови | 199.026.955 | 226.879.318 | 235.498.877 | 199.529.906 |
| Конто 1221 | Побарувања од ЈЗУ Универзитетски клиники | 127.319.874 | 168.067.902 | 203.492.246 | 176.467.419 |
| Конто 1222 | Побарувања од купувачи- сите останати | 139.800 | 164.442 | 163.499 | 87.500 |
| Конто 1224 | Побарувања од ПЗУ | 2.516.109 | 3.844.771 | 6.602.599 | 4.899.421 |
| Конто 1225 | Побарувања од образование | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Конто 1229 | Спорни – сомнителни побарувања | 4.892.344 | 3.473.615 | 4.708.780 | 3.473.615 |
| Конто 1300 | Аванси | 1.489 | 41.712 | 41.712 | 36.700 |
| Конто 1503 | Аванс за безински бонови | 0 | 43.788 | 0 | 0 |
| Конто 1509 | Краткорочни побарувања (од враб. за сл. пат) | 61.810 | 44.410 | 69.431 | 40.533 |
| Конто 1730 | Аконтации за персонален данок | 0 | 13.001 | 0 | 0 |
| Конто 1740 | Аконтации за данок од добивка | 0 | 841.942 | 837.914 | 422.712 |
| Вкупно | | **338.328.581** | **412.438.101** | **460.159.546** | **399.983.926** |

ЈЗУ ИТМ на РМ се соочуваше со тешкотии во наплатата на побарувањата во најголем дел од ЈЗУ за што во 2017 година се поднесуваа тужби до истите и тоа беа тужени следниве ЈЗУ:

| Ред.број | ЈЗУ | Преземени активности |
|---|---|---|
| 1 | ЈЗУ УНИВЕРЗИТЕТСКА КЛИНИКА ЗА НЕФРОЛОГИЈА | судска пресуда-договор на рати 24 на 9.000.000 |
| 2 | ЈЗУ УНИВЕРЗИТЕТСКА КЛИНИКА ЗА ХЕМАТОЛОГИЈА | тужени на 50.000.000 |
| 3 | ЈЗУ УНИВЕРЗИТЕТСКА КЛИНИКА ЗА ДЕТСКИ БОЛЕСТИ | тужени |
| 4 | ЈЗУ УНИВЕРЗИТЕТСКА КЛИНИКА ЗА НЕВРОХИРУРГИЈА | договор на 24 рати 9.000.000 |
| 5 | ЈЗУ УНИВЕРЗИ. КЛ. ЗА ТОРАКАЛНА И ВАСКУЛАРНА ХИР. | солемизација-договор на 12 рати 8.000.000 |
| 6 | ЈЗУ УК ОРТОПЕДИЈА | судска пресуда наплатено-ова е нов долг |
| 7 | ЈЗУ УК ТРАУМАТОЛОГИЈА | судска пресуда наплатено-ова е нов долг |
| 8 | ЈЗУ УК КАРИЛ | судска пресуда наплатено-ова е нов долг |

| | | |
|---|---|---|
| 9 | ЈЗУ ОПШТА БОЛНИЦА ГЕВГЕЛИЈА | судска пресуда-договор на рати 24 на 8.000.000 |
| 10 | ЈЗУ ОПШТА БОЛНИЦА ГОСТИВАР | солемизација-договор на рати 8.000.000 |
| 11 | ЈЗУ ОПШТА БОЛНИЦА КАВАДАРЦИ | судска пресуда-договор на рати 24 на 9.000.000 |
| 12 | ЈЗУ ОПШТА БОЛНИЦА КИЧЕВО | солемизација-договор на 24 рати 6.000.000 |
| 13 | ЈЗУ ОПШТА БОЛНИЦА КОЧАНИ | судска пресуда-договор на рати 12 на 6.000.000 |
| 14 | ЈЗУ ОПШТА БОЛНИЦА КУМАНОВО | извршно решение на 12.000.000 |
| 15 | ЈЗУ ОПШТА БОЛНИЦА ОХРИД | судска пресуда-договор на рати 24 на 12.000.000 |
| 16 | ЈЗУ ОПШТА БОЛНИЦА ПРИЛЕП | судска пресуда-договор на рати 24 на 20.000.000 |
| 17 | ЈЗУ ОПШТА БОЛНИЦА СТРУГА | извршно завршена исплата |
| 18 | ЈЗУ ОПШТА БОЛНИЦА ВЕЛЕС | тужени 8.000.000 |
| 19 | ЈЗУ КЛИНИЧКА БОЛНИЦА-ШТИП | тужени 24.000.000 |
| 20 | ЈЗУ КЛ.ХИРУРШКИ БОЛЕСТИ-СВ. НАУМ ОХРИДСКИ-СК. ГРАДСКА | судска пресуда-договор на рати 36 на 25.200.000 |
| 21 | ЈЗУ СПЕЦИ.БОЛ. ПО ГИНЕКОЛОГИЈА И АКУШЕРСТВО МАЈКА ТЕРЕЗА ЧАИР | извршно решение на 7.000.000 |
| 22 | ЗАВОД ЗА НЕФРОЛОГИЈА СТРУГА | солемизација-договор на 36 рати 10.000.000 |
| 23 | УНИВЕРЗИТЕТСКА КЛИНИКА ЗА ДРЖАВНА КАРДИОХИРУРГИЈА Ј.З.У.СКОП | тужени на 9.000.000 |

ЈЗУ ИТМ на РМ во 2017 година има побарувања од МЗ на износ од 15.026.200 денари.

Институтот има превземено активности за утужување на ненаплатените побарувања, дел од постапките се завршени, дел се во тек, а со дел од добавувачите се склучени договори со нотарски акт со дефиниран начин на наплата.

Институтот оваа година бележи посебни резултати при оставрување на плановите како и на таканаречените сопствени приходи. Имено во однос на 2016 година наплатата е зголемена за 60,04% во однос на 2016 година или во вредност од 124.294.105 денари. Ова пред се се должеше на преземените чекори од страна на службите окулу утужување и наплата на побарувањата како и помошта од страна на ФЗО кој со свој дописи им се обрати до сите ЈЗУ.

### 3.2 Анализа на обврските на ЈЗУ

Табела на обврски:

| Р. Бр. | Назив на добавувач кон кој ЈЗУ има обврска / долг | Обврски 31.12.2014 | Обврски 31.12.2015 | Обврски 31.12.2016 | Обврски 31.12.2017 |
|---|---|---|---|---|---|
| 1.1 | ЈЗУ КЛИНИКИ | 1.894.772 | 3.400.379 | 920.636 | 237.668 |
| 1.2 | ЈЗУ ОПШТИ БОЛНИЦИ И ЗД | 10.939.286 | 19.414.959 | 24.046.199 | 13.341.680 |
| | ***ВКУПНО ЈЗУ*** | ***12.834.058*** | ***22.815.338*** | ***24.966.835*** | ***13.579.348*** |
| 2.1 | **Добавувачи за основни средства** | **2.148.671** | **10.554.215** | **7.000.877** | **1.098.484** |
| 2.1 | **Добавувачи за лекови** | 161.906.281 | 219.574.233 | 258.972.870 | 243.521.150 |
| 2.2 | **Други добавувачи материјали** | 71.592.092 | 116.015.640 | 138.794.769 | 110.326.797 |
| | ***ВКУПНО добавувачи*** | ***235.647.044*** | ***346.144.088*** | ***404.768.516*** | ***354.946.431*** |
| 3.1 | ***Вкупно останати обврски*** | ***7.211.169*** | ***7.680.889*** | ***6.946.263*** | ***6.239.678*** |
| | **ВКУПНО ОБВРСКИ** | **255.692.271** | **376.640.315** | **436.681.614** | **361.186.109** |

Обврските на ЈЗУ се намалија во однос на 2016 година за 74.495.505 денари што преставува значително намалување и конечно тренд на намалување на долгот на Институтот. Обврските се намалија поради зголемената наплата на побарувањата кои директно се рефлектираа и на намлување на обврските.

Во однос на намалување на долгот кон ЈЗУ за 11.387.487 денари пред се должи и на компензациите кои имаа голем удел во намалување на долгот. Намалување на обврските има и на обврските за лекови кои Институтот ги имаше спрема добавувачите во износ од 49.822.085 денари. Имено овој долг е намален благодарение на наплатата на побарувањта но исто така и со намалувањето на потрошувачката на лекови. Намлување на обврските има и кон добавувачите за основни средства кои во 2017 година беа намалени за 5.902.393 денари.

Во 2017 година имаме и дестеина тужби и тоа од добавувачот Др. Пановски кон кого имаме долг на 31.12.2017 година во износ од 50.347.619. Имено овој добавувач во 2017 година на име камати и судски трошоци наплати од нас износ од 2.805.928 денари. Во 2017 година имаше тужба и од добавувачот Алкалоид-КОНС, добавувач кои испрачуваше лекови фактори за коагулација но беше направен договор за плаќање на рати а добавувачот се изјасни дека нема да побарува камати по однос на обврските на Институтот. Износот на обврската кон овој добавувач на 31.12.2017 година изнесуваше 48.037.009 денари. Договори за солемизација имаше и со добавувачот Авицена со кои исто така се склучи договор каде добавувачот се откажа од каматни побарувања а долгот се исплаќа на рати.Висината на долгот на 31.12.2017 година изнесуваше 36.506.949 денари.

### 4.1 Состојба на Сметките-паричните средства

| Салдо на сметка (збирно во денари) | 31.12.2014 * | 31.12.2015 * | 31.12.2016 * | 31.12.2017 * |
|---|---|---|---|---|
| Износ | 6.897.075 | 368.395 | 562.179 | 2.985.480 |

**сопствена сметка*

| Салдо за донации (збирно во денари) | 31.12.2014 * | 31.12.2015 * | 31.12.2016 * | 31.12.2017 * |
|---|---|---|---|---|
| Износ | 729.747 | 729.747 | 729.747 | 729.747 |

**сметка донации*

# 5. ЗАЛИХИ НА МАТЕРИЈАЛИ, СИТЕН ИНВЕНТАР И ГОТОВИ ПРОИЗВОДИ

## 5.1 Залихи на материјали

Преглед на набавени и потрошени лекови и медицински материјали во болничка аптека во **2014 година:**

| Конто | Назив на материјалот | Салдо на 01.01.2014 | Набавено во 2014 | Потрошено во 2014 | Салдо на 31.12.2014 |
|---|---|---|---|---|---|
| 310510 | Лекови-Фактори | 2.830.461 | 245.240.857 | 241.890.598 | 6.180.720 |
| 310550 | Санитетски материјали | 342.873 | 876.187 | 1.026.856 | 192.204 |
| 310590 | Реагенси-Аптека | 6.876.259 | 108.574.957 | 103.263.858 | 12.187.359 |
| 310591 | Други лабораториски Материјали | 5.385.163 | 28.151.273 | 29.144.251 | 4.392.185 |
| | **Вкупно** | **15.434.756** | **382.843.274** | **375.325.563** | **22.952.468** |

Просечната месечна потрошувачка на лекови и медицински материјали во 2014 година изнесува изнесува 31.277.130 денари. Од ова произлегува дека ЈЗУ Институт за трансфузиона медицина на Р.М. - Скопје со истиот континуитет на трошење има залиха за <u>околу 22 дена.</u>

Од вкупниот износ од 22.952.468 денари со датум 31.12.2014 година на залиха на лекови, и потрошен медицински материјали 80,27 % отпаѓаат на Лекови-фактори за коагулација ( 6.180.720 денари) и за реагенси -Аптека ( 12.187.359 денари ) или вкупно 18.368.079 денари.

Преглед на набавени и потрошени лекови и медицински материјали во болничка аптека во **2015 година**:

| Конто | Назив на материјалот | Салдо на 01.01.2015 | Набавено во 2015 | Потрошено во 2015 | Салдо на 31.12.2015 |
|---|---|---|---|---|---|
| 310510 | Лекови- фактори | 6.180.720 | 234.045.990 | 225.459.468 | 14.767.242 |
| 310550 | Санитетски материјали | 192.204 | 814.133 | 848.064 | 158.272 |
| 310590 | Реагенси-Аптека | 12.187.359 | 135.119.657 | 132.350.727 | 14.956.289 |
| 310591 | Други лабораториски Материјали | 4.392.185 | 40.543.203 | 36.758.582 | 8.176.807 |
| | **Вкупно** | **22.952.468** | **410.522.983** | **395.416.841** | **38.058.610** |

Просечната месечна потрошувачка на лекови и медицински материјали во 2015 година изнесува изнесува 32.951.403 денари. Од ова произлегува дека ЈЗУ Институт за трансфузиона медицина на Р.М. - Скопје со истиот континуитет на трошење има залиха за <u>1 месец.</u>

Преглед на набавени и потрошени лекови и медицински материјали во болничка аптека во **2016 година:**

| Конто | Назив на материјалот | Салдо на 01.01.2016 | Набавено во 2016 | Потрошено во 2016 | Салдо на 31.12.2016 |
|---|---|---|---|---|---|
| 310510 | Лекови- фактори | 14.767.242 | 249.498.686 | 261.479.467 | 2.786.461 |
| 310550 | Санитетски материјали | 158.272 | 1.101.986 | 1.127.516 | 132.743 |
| 310590 | Реагенси-Аптека | 14.956.289 | 122.347.991 | 122.523.288 | 14.780.992 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 310591 | Други лабораториски Материјали | 8.176.807 | 26.039.353 | 29.760.537 | 4.455.622 |
| | **Вкупно** | **38.058.610** | **398.988.016** | **414.890.808** | **22.155.818** |

Просечната месечна потрошувачка на лекови и медицински материјали во 2016 година изнесува изнесува 34.574.234 денари. Од ова произлегува дека ЈЗУ Институт за трансфузиона медицина на Р.М. - Скопје со истиот континуитет на трошење има залиха за 1 месец

Освен медицински материјали и лекови на залиха има и материјали за одржување хигиена, храна канцелариски, технички, материјали и др материјали во износ од 1.543.843,00 денари. Просечната потрошувачка на овие материјали во 2016 година изнесувала 1.178.460 денари месечно.

ЈЗУ Институт за трансфузиона медицина на Р.М. - Скопје одржува оптимално ниво на залихи согласно нејзините потреби.

Преглед на набавени и потрошени лекови и медицински материјали во болничка аптека во **2017 година:**

| **Конто** | **Назив на материјалот** | **Салдо на 01.01.2017** | **Набавено во 2017** | **Потрошено во 2017** | **Салдо на 31.12.2017** |
|---|---|---|---|---|---|
| 310510 | Лекови- фактори | 2.786.461 | 246.161.838 | 238.616.313 | 10.331.986 |
| 310550 | Санитетски материјали | 132.743 | 921.650 | 918.328 | 136.065 |
| 310590 | Реагенси-Аптека | 14.780.992 | 149.152.049 | 147.206.483 | 16.726.558 |
| 310591 | Други лабораториски Материјали | 4.455.622 | 32.442.807 | 33.735.805 | 3.162.724 |
| | **Вкупно** | **22.155.818** | **428.678.344** | **420.476.929** | **30.357.333** |

Просечната месечна потрошувачка на лекови и медицински материјали во 2017 година изнесува изнесува 35.039.744 денари. Од ова произлегува дека ЈЗУ Институт за трансфузиона медицина на Р.М. - Скопје со истиот континуитет на трошење има залиха за 1 месец. Споредбено со 2016 година може да се види дека потрошувачката на лекови-фактори на коагулација е намалена за 22.863.154 денари додека зголемен обем на потрошувачка има кај реагенсите и тоа за износ од 24.683.195 денари што се должи на воведување на нови технологии како и зголемен обем на услуги. Од вкупно потрошените лекови, санитетски материјали, реагенси и лаболаториски материјали 56,75% отпага на лекови –фактори на когулација ,

Освен медицински материјали и лекови на залиха има и материјали за одржување хигиена, храна канцелариски, технички, материјали и др материјали во износ од 2.243.892,00 денари. Просечната потрошувачка на овие материјали во 2017 година изнесувала 1.138.450 денари месечно или вкупно 13.661.400 денари.

ЈЗУ Институт за трансфузиона медицина на Р.М. - Скопје одржува оптимално ниво на залихи согласно нејзините потреби.

**5.2 Залихи на готови производи**

Залихата на готовите производ на 31.12.2017 година е во вкупен износ од 11.209.732 денари што покажува дека има доволни количина на готови компоненти на крв за потребите на пациентите во РМ. Во 2017 година Институтот има преработено крв во вредност од 142.174.680 денари а дистрибуирано до клиникте и општите болници во износ од 125.293.388 денари или 10.441.116 денари месечно. Во 2017 година немаше недостаоци на крв и крвни компоненти. Во 2017 година

се пуштен во работа и Софтверот за евиденција на патот на крвта и крвните компоненти е-ДЕЛФИН што веруваме дека ќе дојде до подобра контрола и квалитетот на целокупниот процес на крвта и крвните компоненти како во делот на квалитетот на компонентите и сигурната крв така и во делот на евидентирање како и финансиска евиденција на истите.

## 6. ЈАВНИ НАБАВКИ

Од страна на здравствената установа изработени е план за јавни набавки за 2017 година, согласно правилникот за формата, содржината и начинот на изготвување на годишниот план за јавни набавки и истите се донесени со Одлуки на управен одбор како и измените на Годишниот план за ЈН кои се спроведени во текот на годината.

Годишниот план за јавни набавки ги содржи:
· предметот на договорот (стоки, услуги или работи),
· шифра според Општиот поимник за јавни набавки (ОПЈН),
· очекуван почеток на постапката (месец),
· проценета вредност на договорот и
· вид на постапката.

Во ЈЗУ Институт за трансфузиона медицина на Р.Македонија – Скопје има одделение за Јавни набавки во кој се вработени 2 (две) лица за јавни набавки кои се обучени за вршење на работите од областа на јавните набавки и две лица кои дополнително се вклучуваат во работењето на одделението согласно потребите.
Во ЈЗУ соодветна потврда за положен испит имаат две лица за јавни набавки.
ЈЗУ Институт за трансфузиона медицина на Р.Македонија - Скопје , постапките за набавка ги спроведува самостојно.
Во 2017 година спроведени се вкупно 63 набавка што е за 18 постапки повеќе во однос на 2016 година и склучени се договори во вкупна вредност од 523.217.763 денари. Од вкупниот број на набавки 38 биле спроведени со отворена постапка, 13 со постапка со барање за прибирање на понуди до 20.000 евра и 8 до 5000 евра како и 4 постапки согласно член 99 (итни постапки).
Од спроведените постапки се склучија вкупно 83 договори.
Направени се заштеди во однос на проценетата вредност во износ од 44.293.763 денари што детално може да се види од приложената табела во прилог на овој Извештај. Најголема заштеда, во вредност од 23.636.325 денари има направено кај постапката за набавка на Лекови – Фактори на когулација.
2017 година во однос на постапките за јавни набавки за обележија жалбите во секоја од фазите при набавката на лекови фактори за коагулација како и Советот за јавни набавки кои негативно влијаеше на спреоведување на постапките.

**ВД Директор-лекар на ЈЗУ**
Проф.Д-р Кочо Димитровски ____________

**ВД Директор економист**
М-р Авни Исмаиљи ____________

**Раководител на оддел за општи и заеднички работи**
Дипл. Екк. Бојан Делчев ____________

**Раководител на одделение за јавни набавки**
Дипл. Екк.Боби Божиновски ____________